**20250501107**

## ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 21 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување осигурување („Сл. весник на РМ“ бр.98/2012; 166/2012; 15/2013; 170/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 113/2014; 160/2014, 188/2014, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 217/15, 13/16, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 , 245/18, 180/2019) и („Сл. весник на РСМ“ бр. 180/19, 275/19, 31/20 31/20, 267/2020, 67/22, 79/23 и 193/24), и врз основа на Соопштението на Државниот завод за статистика за исплатената бруто плата по вработен во Република Северна Македонија бр.4.1.25.17 од 21.2.2025 година, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ги утврдува и објавува

## ВИСИНАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ОДНОСНО ЛИЦАТА КОИ НЕ ОСТВАРИЛЕ ПЛАТА ОДНОСНО НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ПО 1 ЈАНУАРИ 1970 ГОДИНА ЗА ПЕНЗИИ ОСТВАРЕНИ ВО 2025 ГОДИНА

1. Висината на пензиските основици за осигурениците и лицата кои не оствариле плата односно надоместок на плата по 1 јануари 1970 година, според стручната подготовка изнесува:

- за висока стручна подготовка…...39.471,00 денари
- за виша стручна подготовка или подготовка за висококвалификуван работник………… 32.932,00 денари
- за средна стручна подготовка или подготовка за квалификуван работник………....... 29.881,00 денари
- за стручна подготовка на полуквалификуван работник односно нижа стручна подготовка…. 26.366,00 денари
- за осигуреници и лица без стручна подготовка. 25.413,00 денари.

2. Износите од точката 1 на ова известување се смета како просечна плата остварена во 2024 година и служи за утврдување на пензиската основа на осигурениците односно лицата кои не оствариле плата, а кои право на пензија остваруваат во 2025 година.

Бр. 12-974/1
28 февруари 2025 година
Скопје

в. д. Директор,
**Никола Мемов,** с.р.